*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-301*
*30.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 49 став (7) и член 50, став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Штип донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на стручна Комисија за изготвување на Извештај од спроведената стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа и извештај од спроведената Јавна анкета и јавна презентација за**

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 - ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се формира стручна Комисија за ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 - ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП, во следниот состав:

Стручни лица од општината:
1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Борислава Мишева, диа- овластување бр.0.06

Носители на овластување од изработувачот на планот:
3. Методи Хаџи Андов диа.- овластување бр. 0.0583 - Планер
4. Игор Сугарчев диа. – овластување бр. 0.0618 – Планер соработник

Стручен работник од областа на урбанистичко планирање
5. Викторија Атанасова, диа - бр на овластување 0.0472

Член 2

Членовите на Комисијата изготвуваат Извештај од спроведена стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа, согласно член 49 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) за предложените сугестии и забелешки од страна на стручната јавност. Извештајот содржи заклучоци со кои се потврдува прифатливоста и соодветноста на планските решенија или со кои се упатува на неопходни доработки на планот.

Членовите на Комисијата изготвуваат Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета согласно член 50 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) со образложение за прифатените и неприфатените забелешки за урбанистичкиот план.

Доколку комисијата од член 50 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) оцени дека предлог на планот како последица од прифатените забелешки од јавната анкета претрпел значајни промени (промена на границата на планскиот опфат, промена на регулациона линија и промена на намената наземјиште и друго), должна е планот да го врати на повторен јавен увид на јавноста и повторно се спроведува јавна презентација и јавна анкета. Повторената јавна анкета и јавна презентација трае најмалку 10 (десет) работни дена и се спроведува по истата постапка.

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов